Република Северна Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

**Бр. 12**

**12.08.2024**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на ОДЛУКАТА за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за изведба на армирано-бетонска шахта со приклучни железно фасонски делови и вертикална центрифугална пумпа за н.м. Стругово**

1. Ја објавувам Одлуката за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за изведба на армирано-бетонска шахта со приклучни железно фасонски делови и вертикална центрифугална пумпа за н.м. Стругово, донесена на вонредна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 09.08.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-750/1 Општина Демир Хисар**
**12.08.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисарс.р. Никола Најдовски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија” бр.5/02), член 43 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), како и член 24 од Законот за јавни набавки (,,Службен весник на РМ” бр 24/19 и ,,Службен весник на РСМ” бр.87/21), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 09.08.2024 година, ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
**за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за изведба на армирано-бетонска шахта со приклучни железно фасонски делови и вертикална центрифугална пумпа за н.м. Стругово**

Член 1

Со оваа одлука се доделува договор за изведување на градежно-занатски работи за изведба на армирано-бетонска шахта со приклучни железно фасонски делови и вертикална центрифугална пумпа за н.м. Стругово, на ЈКП Комуналец Демир Хисар.

Член 2

Општина Демир Хисар и ЈКП Комуналец Демир Хисар ќе склучат договор за регулирање на правата и обврските во врска со изведувањето на работите од член 1 на оваа одлука.

Член 3

Финансиските средства за изведување на работите од член 1 на оваа одлука во износ од 608.856,00 се обезбедени од буџетот на Општина Демир Хисар за 2024 година.

Член 4

Средствата од член 3 на оваа одлука ќе бидат исплатени на изведувачот на работите-ЈКП Комуналец Демир Хисар по завршената работа, и извршената контрола од страна на Општина Демир Хисар.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17-739/2 Совет на Општина Демир Хисар**
**09.08.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на ОДЛУКАТА за давање согласност на Одлука за утврдување на ценовник за превоз на ученици врз основа на одлуката за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Битола**

1. Ја објавувам Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на ценовник за превоз на ученици врз основа на одлуката за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Битола, донесена на вонредна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 09.08.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-750/2 Општина Демир Хисар**
**12.08.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и ,,Службен весник на РСМ” бр. 275/19, 89/22 и 274/22) ), како и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 09.08.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлука за утврдување на ценовник за превоз на ученици врз основа на одлуката за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Битола**

Член 1

Се дава согласност на Одлуката за утврдување на ценовник за превоз на ученици врз основа на одлуката за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Битола со бр.02-100/5 од 05.08.2024 година, донесена од Управниот одбор на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар.

Член 2

Согласноста е составен дел на ценовникот за превоз на ученици врз основа на одлуката за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Битола со бр.02-100/4 од 05.08.2024 година, кој важи за период додека трае потребата од превоз на учениците.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17-739/3 Совет на Општина Демир Хисар**
**09.08.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

---------------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за доделување договор за изведување на градежно-занатски работи за изведба на армирано-бетонска шахта со приклучни железно фасонски делови и вертикална центрифугална пумпа за н.м. Стругово ----------------------------------------- 1 -2

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на ценовник за превоз на ученици врз основа на одлуката за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Битола----------------2

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска бр.8**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Никола Најдовски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**